СМРТ НА ФАШИЗМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 33 | Скопје, вторник 25 ноември 1947 год. | Год. III

## 337

По предлог на Владата на Народната Република Македонија, а на основа чл. 73 точка 10 од Уставот на НРМ, член 4 точка 11 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ и член 5 од Указот на Претседателството на Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ од 11 јули 1947 година, за одредуење сојузни органи на управуење за згради во државна сопственост Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесуе

### УКАЗ

### ЗА ОДРЕДУЕЊЕ ОРГАНИ ЗА УПРАВУЕЊЕ СО ЗГРАДИ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Зградите во државна сопственост со кои што управуат народните одбори, нивните органи и установи, а во кои што се сместени канцеларии и други службени простории на републикански органи и нивни установи, прејдуат во срок од 30 дена од денот на влегуењето во сила на овој Указ под управуење на републиканските органи односно установи, кои што се сместени во тие згради.

Член 2

Ако зградите ги поседуат и употребуат во по значителен дел републиканските органи и установи заедно со локалните органи и установи, то гај овие органи, односно установи к'е бидат заеднички органи на управуење.

Државните органи и установи кои што заеднички управуат со зградите, одговорни се за делот од зградата кој што го поседуат и управуат. Тие се должни одредениот дел на зградата кој што сами го употребуат и поседуат да го одржуат во исправна состојба, да вршат поправуење и на тоа слично.

Пред установуењето заедничка управа на зградата, државните органи и установи мораат да установат свои мег'усобни права и обавези. Тие можат да одлучуат само еден орган, односно установа, да ги извршуе сите задачи околу одржуење то, поправуењето и инвестициите, со тоа да се другите должни да допринесат за вакво одржуење на зградата пропорционално со делот кој што го поседуат и употребуат.

Член 3

Одредбите на чл. 1 и 2 од овој Указ не к'е се применуат во случај до колку канцелариите или службените простории на републиканските органи и установи привремено се сместени во зградите кои се државна сопственост и со кои управуат локалните органи или установи, или до колку овие згради републиканските органи и установи ги искористуваат во незначителен дел.

Член 4

При истите условија наведени во член 1 од овој Указ прејдуваат во срок од 30 дена од денот на влегуењето во сила на овој Указ под управуење на околиските, односно градските народни одбори, нивните органи, односно установи, зградите со кои што управуат подрачните им месни, односно реонски народни одбори, нивните органи, односно установи.

Одредбите од член 2 и 3 од овој Указ к'е се применуат и во овој случај.

Член 5

Споровите кои што настануат мег'у државните органи и установи по односите регулирани со овој Указ се решаваат по прописите на Законот за решавање имотните спорови преку државна арбитража.

Член 6

Поблиски прописи за извршуење на овој Указ донесуе Владата на НРМ, односно органот кој што Владата к'е го овласти.

Член 7

Овој Указ влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. бр. 21 — 23 X. 1947 година Скопје.

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

За Секретарот, **Страхил Гигов, с. р.** — Претседател, **Богоја Фотев, с. р.**

## 338

По предлог на Владата на Народна Република Македонија а на основа чл. 73 точка 10 од Уставот на НРМ член 4 точка 11 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ и член 3 од Указот на Претседателството на Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ од 11 јули 1947 година, за одредуење сојузната надлежност во поглед на управуење со зградите за становање во државната сопственост Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесуе

### УКАЗ

### ЗА ОДРЖУЕЊЕ НАДЛЕЖНОСТА ВО ПОГЛЕД НА УПРАВУЕЊЕ СО ЗГРАДИТЕ ЗА СТАНУЕЊЕ ВО ДРЖАВНАТА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Владата на НРМ може да одреди државните згради во кои што стануат работници и службени

ли на републиканските државни органи, установи и државните стопански претпријатија од републиканско значение, да преминат од управата на народните одбори во републиканска надлежност.

Член 2

Извршните одбори на околиските народни одбори можат со одобрување на Владата на НРМ да одредат државните згради во кои што стануат работници и службеници на околиските народни одбори и нивните органи, установи и претпријатија, да преминат од управата на подрачните им одбори во околиска надлежност.

Во вакви случаи тоа право го имаат и извршните одбори на градските народни одбори во поглед државните згради кои што се во управа на подрачните им реонски одбори.

Член 3

Републикански и околиски државни органи, установи и стопански претпријатија кои што градат згради, или вршат во значителна мера поправување на постоек'ите згради во државна сопственост за потреби на стануење на своите работници и службеници, се орган на управување со такви згради

Член 4

Со сите други згради за стануење во државна сопственост, управуват месните и градските, односно реонските народни одбори на чие подрачје се наоѓуваат зградите.

Член 5

Спорови кои што к'е настанат мег'у државните органи, установи и државните стопански претпријатија по односите регулисани со овој Указ, или прописите донесени на основа овој Указ, се решаваат по одредбите на Законот за имотните спорови преку државна арбитража.

Член 6

Владата на НРМ к'е донесуе поблиски одредби за извршуењето на овој Указ.

Член 7

Овој Указ влегуе во сила со денот на објавуењето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. Бр. 22, — 23 октомври 1947 година.

За Секретарот, Претседател,
Страхил Гигов, с. р. Богоја Фотев, с. р.

## 339

### УКАЗ

**За одредуење Министерот на внатрешните работи Цветко Узуновски за застапник на Министерот на индустријата и рударството инж. Георги Василев за време на неговиот боравок во иностранство.**

Врз основа на чл 73 точка 8 од Уставот на НР Македонија и член 4 точка 8 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, а на предлог на Претседателот на Владата на НРМ, Президиумот на Народното собрание на НР Македонија, го донесе следното

### РЕШЕНИЕ

Инж. Георги Василев, министер на индустријата и рударството на НР Македонија, за време на неговиот боравок во иностранство, да го застапуе Цветко Узуновски, министер на внатрешните работи на НР Македонија.

**У. Бр. 23 — Скопје, 23 октомври 1947 година.**

Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија

**За секретарот, Претседател,**
**Страхил Гигов, с. р. Богоја Фотев, с. р.**

## 335

**Врз основа чл. 73, точка 9 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог на Претседателот на Владата на Н. Р. Македонија, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесуе**

### УКАЗ

**Се основуе Министерство за локален сообрак'ај на Народна Република Македонија.**

У. Бр. 24, 19 ноември 1947 г. Скопје

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

за Секретарот, **Претседател,**
**Вера Ацева, с. р. Богоја Фотев, с. р.**

## 336

Врз основа чл. 73 точ. 7 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог на Претседателот на Владата на Народна Република Македонија, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија донесуе

### УКАЗ

Се разрешават од досегашната должност следните членови на Владата:

Љупчо Арсов, од должноста претседател на Контролната комисија на НРМ; Киро Хаџи Василев, од должноста министер на просветата; Тоде Ношпал, од должноста министер на градежите и Никола Минчев, од должноста министер без ресор.

Се поставуаат:

За претседател на Контролната комисија на Н. Р. Македонија Борко Темелковски досегашен секретар на Президиумот на Народното собрание на НР Македонија.

За министер на градежите Страхил Гигов претседател на Земскиот одбор на Единствените синдикати на Македонија.

За министер на просветата Димче Мире, досегашен директор на ПТТ Скопје

За министер на локалниот сообрак'ај Тоде Ношпал, досегашен министер на градежите.

За министер без ресор Киро Хаџи Василев, досегашен министер на просветата.

У. Бр. 25 — Скопје, 19 ноември 1947 година.

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

За секретарот, Претседател,
**Вера Ацева с. р. Богоја Фотев с. р**

## 340

Министерството на внатрешните работи на Народна Републи а Македонија — Скопје, надлежно кл. 1, буква г) од Законот за измени и дополненија на Законот за удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи п. предмет ... брење основањето и работата на „Друштвото на м чарите на Народна Република Македонија", на ден 12 август 1947 год. донесе следното:

### РЕШЕНИЕ

За одобрување основањето и работата на „Друштвото на музичарите на Народна Република Македонија" со седиште во гр. Скопје, а со право на дејност на територијата на Народна Република Македонија.

Такса по Т. Бр. 1 и 7 од Законот за таксите е наплатена.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија I. Бр. 9338 1947 год.

Бр. 9338 од 8 септември 1947 г. Скопје

Министер на внатрешни работи на НРМ
**Цв. Узуновски, с. р.**

## Исправки

I

### НА УРЕДБАТА ЗА ЕКОНОМСКО-КОМЕРЦИЈАЛНАТА СТРУКА

На страна 323 во чл. 2, каде што стои „услови за стекнување звањето" став 6 ред 2 изоставени се думите „и стручен испит", и во 7 ред 4 место „испит" треба да стои „дител".

На страна 324 каде што стои „основна работа на звањето" став ред 6 стои „комерцизални", а треба да стои „комерцијални".

II

### НА УРЕДБАТА ЗА СТРУКА КОНТРОЛА НА МЕРКИ И ДРАГОЦЕНИ МЕТАЛИ

На страна 328, член 14 во ред 5 стои „Главни", а треба да стои „Генерални".

III

### НА УРЕДБАТА ЗА ФИНАНСИСКАТА СТРУКА

На страна 331 во член 4 став 4 ред 2 стои „Главниот" а треба да стои „Генералниот".

На страна 332 член 8 став 2 ред 2 мег'у зборовите „трае правилникот" изоставени се следните думи „две години. Поблиски одредби за приправничката служба ке се пропишат со".

IV

### НА УРЕДБАТА ЗА ИНДУСТРИСКО-ТЕХНИЧКА СТРУКА

На страна 334 каде што стои „основна работа на звањата" став 3 стои „до" а треба да стои „во".

V

### НА УРЕДБАТА ЗА ГРАДЕЖНАТА СТРУКА

На страна 338 член 15 ред 3 мег'у думите „член-Претседател" изоставен се думите „на Владата,"

VI

### НА УРЕДБАТА ЗА ГЕОЛОШКАТА СТРУКА

На страна 339 член 2 ред 3 след думата „струка" да се додаде „се"

На страна 340 член 5 став 2 ред 7 след думата „за" треба да се додадат думите „назначување, Генералниот секретар на Владата, по предходна оценка на стручна комисија".

VII

### НА УРЕДБАТА ЗА ГЕОДЕТСКАТА СТРУКА

На страна 342 во уводот мег'у ред 7 и 8 треба да стои „ниците и врз основа на член 14 од Основната уредба".

На страна 343 член 4 став 4 ред 2 стои: „Главниот" а треба „Генералниот", а во истиот став ред 10 мег'у думите „стручна спрема" треба да се стави „и школска". Во истиот член став 6 ред 2 стои думата „прошират" а треба да стои „пропишат"

VIII

### НА УРЕДБАТА ЗА СТРУКАТА ПЛАНИРАЊЕ

На страна 346 член 13 став 1 ред 2 мег'у думите „нив-да" треба да се стави думата „претходно".

IX

### НА УРЕДБАТА ЗА СТАТИСТИЧКА СТРУКА

На страна 346 во уводот ред 2 стои „Решениот" а треба да стои „Решението"

На страна 347 каде што стои „основна работа на звањето" став 3 ред 1 след думата „нацрти" треба да се додаде „за прибирање" Во истата страна каде што стои „услови за стекнување на звањето" ставот 8 треба да се исфрли како непотребен.

На страна 348, член 8, став 1, ред 1 стои „приправничка струка", а треба да стои „приправничка служба".

X

### НА УРЕДБАТА ЗА ШУМАРСКАТА СТРУКА

На страна 356, каде што стои „основна работа на звањето" став 1 редот 5, треба да се настави со думите: „во одреден реон на ловиштe".

На страна 359, член 18, став 1, ред 2 треба да се исфрли како непотребен а ред трети да се смета како ред втори

XI

НА УРЕДБАТА ЗА ВЕТЕРИНАРНАТА СТРУКА

На страна 360, член 7, став 2, ред 5, место думите „да е назначат" треба да стои „да се назначат".

XII

НА УРЕДБАТА ЗА ПРАВНАТА СТРУКА

На страна 362, член 3, ред 4, став 1, стои думата „последни" а треба да стои думата „поедини". На истата страна член 6, став 2, редот 5, треба да се исврли.

XIII

НА УРЕДБАТА ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКАТА СТРУКА

На страна 365 член 5 став 2 ред 5 меѓу думите „од чле... треба да се стави „надлежниот".

На страна 366, член 14, став 1, ред 6 треба да се продолжи со думите „за назначуење, сите во согласност со Претседателот на Владата". а редот 1 во ставот 2 од истиот член треба да се продолжи со думите" ...ата, односно органот надлежен за назначуење".

XIV

НА УРЕДБАТА ЗА АДМИНИСТРАТИВНАТА СТРУКА

На страна 368 каде што стои „основни работи на звањето", став 6, ред 3, стои „белешки", а треба да стои „смени".

XV

НА УРЕДБАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СТРУКА

На страна 371 во називот на Уредбата, ред 2 стои „за здравствената служба", а треба да стои „за здравствената струка".

XVI

НА УРЕДБАТА ЗА ПРОСВЕТНО НАУЧНА СТРУКА

На страна 375, член 2 каде што стои „основни работи на звањето" во став 5, ред 3, треба да се брише „во ни и средни школи".

XVII

НА УРЕДБАТА ЗА МУЗЕЈСКО КОНЗЕРВАТОРСКАТА СТРУКА

На страна 380 во член 10 ред 5 каде што стои „од 10 20 години служба" треба да стои „од 10 до 20 години служба".

XVIII

НА УРЕДБАТА ЗА ПРИНЕДЛЕЖНОСТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На страна 386 член 2 во „5 Градежна струка" стои под слово Б во ред 2 „2 Градежен цртач 3800" а истиот ред треба да стои на страна 385 пот „5 Градежна струка" под слово А како творм ред.

На страна 393 под глава „VI премиски додатоци", изоставено е да се напише „Член 31".

XIX

НА УРЕДБАТА ЗА ПРИНАДЛЕЖНОСТИТЕ НА УМЕТНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ ВО ДРЖАВНАТА СЛУЖБА

На страна 395 член 4 став 2 од истиот член ред 1 стои „подлога" а треба да стои „подолга".

Овие уредби напечатени се во „Службен весник на НРМ". Бр. 32 од 12 ноември 1947 год. Бр. 12240, 19 ноември 1947 год.

**Од Претседателството на Владата на НРМ**

## Содржај


| Рег. број | | Стр. |
|---|---|---|
| 337 | **УКАЗ** на Президиумот на Народното собрание на НРМ за одредуење органи за управуење со згради во државна сопственост | 399 |
| 338 | **УКАЗ** на Президиумот на Народното собрание на НРМ за одржуење надлежноста во поглед на управуење со зградите за становање во државна сопственост | 399 |
| 339 | **УКАЗ** за одредуење министерот за внатрешните работи Цветко Узуновски за застапник на министерот на индустријата и рударството инж. Георги Василев за време на неговиот боравок во иностранство | 400 |
| 336 | **УКАЗ** на Президиумот на Народното собрание на НРМ за разрешуење од досегашната должност на некои членови на Владата и поставуење на нови членови на Владата на НРМ | 400 |
| 335 | **УКАЗ** на Президиумот на Народното собрание на НРМ за оснивање на Министерство за локален сообраќај на Народ на Република Македонија | 400 |
| 340 | Решение на Министерството за внатрешни работи за одобруење работата на Друштвото на музичарите на Народна Република Македонија | 401 |
| | Исправки на Претседателството на Владата на НРМ на уредбите за струки, на Уредбата за принадлежностите на државните службеници на НРМ и Уредбата за принадлежностите на уметничкиот персонал во државна служба | Стр. 401 -402 |


Издава: Претседателство на Владата на НРМ. Одговорен уредник Љуб. Б. Исаиев. Редакција и администрација ул. „Маршал Тито" бр. 10. Печатница „Гоце Делчев" — Скопје.